**Дали за избор на осигурителен брокер (услуги за посредник во осигурувањето) треба да се примени Законот за јавните набавки?**

Во членот 23 од Законот за јавните набавки се утврдени општите исклучоци, односно случаи кога не се применуваат одредбите од законот. При тоа, предметната набавка (услуги од осигурителен брокер) не е утврдена како исклучок од примена на законот. Според тоа, услугите од осигурителен брокер се набавуваат со примена на законот, односно со спроведување на соодветна постапка за јавна набавка.

**Дали услугите од осигурителен брокер може да се вклучат во тендерската документација за постапката за набавка на осигурителни услуги со тоа што за истите договорниот орган нема да плаќа посебен надоместок?**

Набавката на услуги од осигурителен брокер не е исклучена од примена на законот и за истите треба да се спроведе посебна постапка за јавна набавка. По изборот на осигурителен брокер во посебна постапка, истиот може да се вклучи во тендерската документација за постапката за јавна набавка на осигурителни услуги.